ЈДГ ‘’ Весели Цветови’’ на општина Кисела Вода  во Град Скопје

**Ул.”Локов” бр.11 тел.број :**

**e-mail: jdg.veselicvetovi@gmail.com**

# ГОДИШНА ПРОГРАМАЗА РАБОТАТА НА ЈДГ “ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ”

# НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

# ВО ГРАД  СКОПЈЕ

# ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 година

Септември , 2023

Содржина

1. ВОВЕД..........................................................................................................................3

1.1 ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ....................................................................................................3

1.2 ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА ...............................................................................................4

1.3 ЗАДАЧИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА...............................................................4

2. УСЛОВИ ЗА РАБОТА , ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ И РАБОТНО ВРЕМЕ .............5

3. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖИВОТОТ И РАБОТАТА ВО ДЕТСКА ГРАДИНКА............................11

4. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОР ............................................................................19

4.1 ПРОГРАМИ НА СТРУЧНИТЕ РАБОТНИЦИ И СОРАБОТНИЦИ .........................................21

5. ГОДИШНИ ПЛАНОВИ ОД ОБЈЕКТИТЕ ...............................................................................35

6. ТЕКОВНО И ИНВЕСТИЦИОНО ОДРЖУВАЊЕ ....................................................................54

## 1. В О В Е Д

Годишната Програма за работа со деца од предучилишна возраст, претставува план за активностите кои треба да се реализираат оваа година со децата запишани во градинката, и е документ од јавен карактер, усогласен со современите општествено – демократски движења кај нас , како и со Декларацијата и Конвенцијата за правата на децата.

Годишната Програма е заснована на согледувањата кои се добиени од реализација на Програма за воспитно – образовна работа со децата од предучилишна возраст, издадена 2009 година, Програмата за рано учење и развој , издадена во Март 2014 година, базирана врз ‘’ Стандардите за ран детски развој ‘’ во кои се вградени интелектуално – сознајните и менталните потенцијали на детето од осуммесечна до шест годишна возраст, како и позитивните ефекти од реализација на Програмите за ‘’ Граѓанско образование ‘’ и ‘’ Инклузија на децата со поесбни потреби ‘’.

- Програмата се темели на следниве принципи :

- Принцип на демократичност ( почитување на личноста на детето како основа за реализирање на воспитно – образовниот процес) .

- Принцип на отвореност на воспитно – образовниот процес ( отворен кон сите институации во кои живее , се развива и комуницира детето ).

- Принцип на еднакви можности и почитување на различностите помеѓу децата и принцип на мултикултурализам ( обезбедување еднакви услови за оптимален развој на секое дете)

- Принцип на следење и поттикнување на детскиот развој преку холистички пристап кон секое дете.

- Принцип на целосност и интегритет (потреба од воспитно – образовно дејствување , развивање и интегрирање на детската личност).

- Принцип на индивидуализација (следење на индивидуалниот развој на детето и усогласување на воспитните интервенции од страна на возрасните со детските карактеристики и специфичности ).

- Принцип на живост ( органиизрани животни ситуации, со цел добивање на животни искуства).

- Принцип на активно учење ( постојана евалуација на воспитно – образовна работа )

Во Годишната програма главна определба е професионален пристап кон раното згрижување , воспитување и образование , како прв дел и темел на згрижувачко – воспитниот кадар, почитување и градење на детската личност и градење партнерски однос со родителите.

### 1.1 ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ДЕЈНОСТА

Појдовни основи за изготвување на Годишната Програма на Јавната детска градинка ‘’Весели Цветови ‘’ на општина Кисела Вода во град Скопје , за 2023/2024 година се :

- Законот за заштита на децата ( Службен весник на Република Македонија , бр.170/2010- пречистен текст , 23/2013 бр.12/2014 и бр.44/2014 );

- Законот за заштита на лични податоци ( Службен весник на Р.Македонија , бр.7/05, 103/08, 124/10 и 135/ 11 )

- Статутот на Јавната детска градинка ‘’ Весели Цветови ‘’ – на општина Кисела Вода во Град Скопје;

- Програмската структура на воспитно – образовната дејност заедно со Плановите и Програмите за одделните воспитно – образовни подрачја , изготвени од Бирото за развој на образованието на Република Македонија ;

- Програмата за Ран детски развој , базирана врз Стандардите за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 годишна возраст , документ изработен од Министерство за труд и социјална политика на Република Македонија издаден во Март 2014 година ;

- Програма за рано учење и развој за деца со пречки во развојот , документ изработен од Министерство за труд и социјална политика на Република Македонија издаден од 19.05.2015 година.

- Функционалниот развоен план на ЈДГ ‘’ Весели Цветови ‘’ на општина Кисела Вода во Град Скопје.

- Позитивните искуства и резултати што ги постигнала детската градинка во изминатиот годишен период на полето на воспитно – образовната работа.

### 1.2 ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Во севкупната активност , градинката и оваа учебна 2023/2024 година ќе поаѓа од следните глобални цели :

- Згрижување и воспитување на децата во градинката , како институација , која со своите активности , претставува продолжување и дополнување на семејното воспитување од повеќе аспекти на развојот на личноста ;

- Холистички приод во сфаќањето на природата на детето и неговиот физички и духовен развој , како физичко , сознајно и социјално суштество ;

- Поттикнување и развој на способностите за самостојно учење , работа и креирање , како подготовка на детето за училиште и негово понатамошно образование ;

- Ублажување на социјалното и културно – економските разлики помеѓу децата запишани во градинката ;

- Обезбедување услови за престој , воспитна грижа и соодветна корективна помош на де со лесна ментална и телесна попреченост , а за талентираните деца овозможување услови за искажување и развивање на творечките способности ;

- Отвореност кон семејствата за соработка, подготвеност за градење на односи на заемна доверба, меѓусебно уважување и поддржување ;

- Соработка со локалната заедница заради осовременување на воспитно образовниот процес , богатење на детското социјално искуство, ширење на културните хоризонти , како и создавање соодветни услови за успешно реализирање на институционалното воспитание и образование ;

- Реализација на згрижувачката и воспитно – образовната работа, која ќе поаѓа од педагошко – психолошките сознанија за развојот на детето, дефинирани врз основа на вредносните системи , потребите на децата и општествената заедница во која живеат.



### 1.3 ЗАДАЧИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

- Да се обезбедат оптимални услови за нормален физички, интелектуален, емоционален и социјален развој за децата од 8 месеци до 6 години односно до поаѓање во училиште.

- Да се обезбедат услови за функционирање на единствен систем за воспитно – образовната работа , негата, исхраната , здравствена и социјална заштита.

- Во соработка со семејствата и пошироката околина да се подобрат условите за поквалитетен престој во детската градинка.

- Да се обезбедат услови за имплементирање на основната Програма за воспитно образовна работа.

- Да се обезбеди континуирана едукација на стручните служби.

- Да се подобрат условите во затворениот и отворениот простор во кој престојуваат играат и учат децата.

- Во согласност со можностите на Установата , да се обезбедат други форми на работа со децата ( работилници,изучување на странски јазик, физичко воспитување и рекреација, балет и др).

За планско и организирано влијание врз свкупниот развој на детето , целите и задачите се систематизирани и се содржани во плановите за работа и тоа , во :

- Годишните планови за работа од објектите во кои се вклучени сите активности што се предвидуваат во текот на годината.
- План за реализација на активности со децата од јаслена возраст.
- План за реализирање на воспитно – образовната работа со децата од градинка.
- Планот за работа на Стручниот совет на Детската градинка.
- Планот за работа на Советот на воспитувачи и за стручно усовршување на воспитувачите.
- Планот за работа на Советот на негуватели и стручно усовршување на негователите.
- План за соработка со родители.
- План з соработка со основните училишта и пошироката општествена средина.
- План за јавна и културна дејност.
- Програмските содржини вклопени во рамките на Програмата и тоа :
  - *Програма за ран детски развој ʺ – базирана врз ʺ* Стандардите за рано учење и развој за деца од 0 – 6 години ʺ – реализирана во сите воспитни групи и јасли во текот на целата година.
  - *ʺ Програма за едукација на децата од предучилишна возраст во Установата за згрижување и воспитување на деца со процесот на одгледување и консумирање на здрава храна ʺ* – насловен како ʹʹ Градина во детските градинки ʺ – реализирана од децата на возраст од 4 – 5 и 5 – 6 години во сите пет објекти на Установата.
  - *ʺ Програма за рано учење и развој за стекнување на здрави животни навики и безбедно однесување ʺ* реализирана со децата од сите воспитни групи и јасли во сите пет објекти на Установата во текот на целата година.
  - *ʺПрограма за рано учење и развој и достигнување на стандардите за рано учење и развој преку вклучување на традиционалните игри ʺ* – реализирана од децата на возраст од 4 – 6 години во сите шест објекти на Установата во текот на целата година.

## 2.УСЛОВИ ЗА РАБОТА ,ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ И РАБОТНО ВРЕМЕ

### 2.1 Просторни услови и опременост на објектите

Дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст се реализира во седум објекти и тоа : Синоличка, Кокиче, Сончоглед, Мимоза, Перуника, Ѓурѓица и Симба.

**Табела 1. Површина и капацитетот по објекти**

| Објект | Вкупна нето површина | Капацитет на деца | Дворна површина |
|---|---|---|---|
| **Синоличка**<br>ул. "Петар Дељан" бр.9 | 1009м² | 278 | 2596м² |
| **Кокиче**<br>ул. "Ѓорѓи Сугаре" бр.2 | 671м² | 90 | 2668м² |
| **Сончоглед**<br>ул. "Локов" бр.11 | 1523м² | 192 | 2757м² |
| **Мимоза**<br>ул. "Антон Попов" бр.43 | 926м² | 140 | 926м² |
| **Перуника**<br>ул. Наум Охридски б.б | 250 м² | 50 | / |
| **Ѓурѓица**<br>Ул. "Јабланица" | 383 м2 | 80 | 2321 м2 |
| **Симба**<br>Ул.5 | 346,39м2 | 52 | 750м2 |
| **Вкупно** | **5,108,39м²** | **882** | **12018м²** |



Објектот **’’Сончоглед “** е од тврда градба. Во состав на објектот е централната кујна, опремена со HASAPP стандарди која секојдневно подготвува храна за сите деца присутни во ‘’ Весели Цветови “ и редовно се дистрибуира по објекти со возило. Објектот располага со вкупна корисна површина до 1523м2 и дворно место од 2757м2.Истиот располага со 8 занимални, 1 кабинет за воспитниот тим , 1 амбуланта, 1 фискултурна сала, 6 административни простории, 3 кујни , 10 санитарни чварови, 3 магацини, 2 перални , 1 котлара и 1 скривница.Просториите се затоплуваат со централно греење. Капацитетот на објектот е 180 деца. Објектот располага со јасли и градинка .

Во јаслениот дел децата се згрижени во една група, но во две одделни простории и тоа: од 12 до 18 и од 18 до 24 месеци. Во групите со деца од јаслена возраст работата негуватели. Во делот градинка децата се воспитуваат и згрижуваат во 7 воспитни групи , и тоа :

- од 2 – 3 години – две групи
- од 3 – 4 години – две група
- од 4 – 5 години – една група
- од 5- 6 години – две групи

Во подрумските простории на објектот е сместена Главната кујна во која секојдневно се подготвува ручекот и дел од ужинките во сите четири објекти на Установата. Објектот располага со две помошни кујни и една просторија за магацин . Исто така во подрумските простории е сместена и пералната за крупен и ситен веш , во која што се обавува процесот на перење. Дел од градинката (117 м2) во 2003 година се одземени од Установата и се во сопственост на МТСП во кои е сместен “ Дневниот центар за децата од улица ‘’ . Објектот располага со голема дворна површина и детско игралиште.



Објектот **’’ Мимоза ’’** е од тврда градба и располага со вкупна корисна површина од 820м2 и дворно место од 926м2. Објектот има 7 занимални, 1 кабинет за воспитниот тим , 1 фискултурна сала , 2 административни простории, 2 кујни , 1 трпезарија, 2 санитарни чворови, 1 магацин и 1 котлара. Просториите се затоплуваат со централно греење. Капацитетот на објектот е 140 деца. Објектот располага со јаслен дел и градинка. Во јаслениот дел децата се згрижени во една група и тоа : од 9 – 24 месеци – 1 група. Во групите со деца од јаслена возраст работат негователи. Во делот градинка децата се воспитуваат и згрижуваат во 6 воспитни групи и тоа :

- од 2 – 3 години – две групи
- од 3 - 4 години – една групи
- од 4 – 5 години – две група
- од 5 – 6 години – една група



Објектот **" Синоличка "** е од монтажен тип, располага со вкупна корисна површина од 1009м2 и дворно место од 2596м2.Објектот има 12 занимални , 1 кабинет за воспитниот тим, 1 амбуланта, 1 чајна кујна , 1 административен простор, 4 санитарни чворови, 1 магацин, 2 подрума и 1 котлара. Просториите се затоплуваат со централно греење . Капацитетот на објектот е 235 деца. Објектот располага со јаслен дел и градинка.

Во јаслениот дел децата се згрижени во три групи , и тоа :

- од 9 – 12 месеци – една група
- од 12 – 18 месеци – една група
- од 18 – 24 месеци – една група

Во групите со деца од јаслена возраст работат негователи.

Во делот градинка децата се воспитуваат и згрижуваат во 9 воспитни групи , и тоа :

- од 2 – 3 години – две групи
- од 3- 4 години – две групи
- од 4 – 5 години – две групи
- од 2 – 4 години – една група
- од 5 – 6 години – две групи



Објектот **“ Кокиче “** е од монтажен тип. Објектот располага со вкупна корисна површина од 671м2 и дворно место од 2668 м2.Објектот има 4 занимални , 1 кабинет за воспитниот тим, 1 амбуланта, 1 чајна кујна, 1 санитарен чвор , 1 магацин , 1 перална и 1 котлара. Просториите се затоплуваат со централно греење.Капацитетот на објектот е 90 деца.Децата се воспитуваат и згрижуваат во 4 воспитни групи и тоа :

- од 2 – 3 години – една група
- од 3 – 4 години – една група
- од 4 – 5 години – една група
- од 5 – 6 години – една група

Во секоја група активностите ги реализираат стручни тимови ( воспитувач и негувател). Во состав на објектот е Управата на детската градинка.



Објект **’’ Перуника “** е од тврда градба во склоп на ОУ’’Кузман Јосифовски Питу’’ и располага со вкупна корисна површина од 250м2. Објектот ’’Перуника ‘’ започна со згрижување на децата на ден 09.12.2014 година. Располага со 2 занимални, соба за изолација, дистрибутивна кујна , магацински простории и канцеларија за персоналот , како и комплетно уредни санитарни јазли. Просториите се затоплуваат со сопствено греење на ОУ ‘’ Кузман Јосифовски Питу” од еколошки материјал – семки од цреши.

Во објектот се воспитуваат и згрижуваат деца во 2 воспитни групи , и тоа :

- од 2 – 4 години – една група
- од 4 – 6 години – една група

Во секоја група активностите ги реализираат стручните тимови ( воспитувач и негувател).



Објектот **''Ѓурѓица''** е од тврда градба и располага со вкупна површина од 383м2. Објектот Ѓурѓица започна со згрижување на деца од 01.09.2016 година. Располага со 5 занимални, чајна кујна, една канцеларија, соба за изолација, магацински простории и санитарни јазли. Во објектот се воспититуваат и згрижуваат деца во 5 групи и тоа :

- 9 – 24 -една група
- 2 – 3 години – една група
- 3- 4 години – една група
- 4- 5 години – една група
- 5 – 6 години – една група

Во секоја соодветно на возраста активностите ги реализираат стручните тимови ( воспитувач и негувател)

Во сите објекти има поставено алармни уреди и домофони заради безбедност на децата и објектите. Во согласност со Законот за работни односи во сите објекти се поставени апарати за електронско сметање на работното време.



Објект '' Симба '' е од тврда грда и располага со вкупна површина од 346,92 м2. Објект Симба започнува со згрижување на деца од 01.03.2023година.Располага со три занимални ,чајна кујна, соба за изолација, канцеларија , санитарни јазли, подрум. Во објектот се воспитуваат и згрижуваат деца во 2 групи и тоа :

- 8 – 24 – една група
- 2- 4 години
- 2- 6години

*Според бројната состојба на деца во обејктот Симба во функција има две групи од 0 – 3 и од 3- 6 години.

Во секоја група соодветно на возраста активностите ги реализираат стручните тимови (воспитувач и негувател)

Во сите објекти има поставено алармни уреди и домофони заради безбедност на децата и објектите. Во согласност со Законот за работни односи во сите објекти се поставени апарати за електронско сметање на работното време.

**Табела 2. Опременост на објектите**

| **Објект** | **Синоличка** | **Кокиче** | **Сончоглед** | **Мимоза** | **Перуника** | **Ѓурѓица** | Симба |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **скривници** | 1 | / | 1 | 1 | / | / | / |
| **котлари** | 1 | 1 | 0 | 1 | / | 1 | 1 |
| **санитарни чворови** | 5 | 2 | 11 | 3 | 2 | 5 | 3 |
| **магацини** | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 | 2 | 1 |
| **перални** | 0 | 1 | 1 | 1 | / | 1 | 1 |
| **подруми** | 1 | 0 | 1 | 1 | / | / | 1 |
| **кујни** | 1 | 1 | 3 | 2 | 1 | 1 | 1 |
| **трпезарии** | 0 | 0 | 0 | 1 | / | / | / |
| **админ. простор** | 1 | 1 | 2 | / | 1 | 1 | 1 |
| **сали гимнаст.** | 0 | 0 | 1 | 1 | / | / | / |
| **амбуланти** | 1 | 1 | 1 | 0 | 1 | 1 | 1 |
| **кабинети** | 0 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | / |
| **занимални** | 12 | 4 | 9 | 7 | 2 | 5 | 3 |

### 2.1.1 Опременост на занималните во јаслите

Занималните во кои претсојуваат децата од јаслена возраст се сместени во пет објекти и тоа Сончоглед, Мимоза, Синоличка, Ѓурѓица и Симба . Тие се опремени со мебел, играчки и други материјали кои се потребни за работа со децата. Оваа година се планира групите да бидат опремени и дополнети со нов огревен и дидактички материјал наменет за јаслена возраст. Имаме идеа да се оспособи дел од дворната површина која што ќе можат да ја користат исклучиво децата од таа возрасна структрура и мебел по потреба во сите три објекти.

### 2.1.2 Опременост на занималната во градинка

Занималните во делот градинка се опремени со соодветен мебел, играчки и материјали , кои се во согласност со пропишаните нормативи. Воспитувачите и негувателките во текот на годината водат грижа околу естетското средување на просторот , особено на катчињата кои во овие занимални се различни , според бројот и намената , а во зависност од потребите на воспитната група и афинитетите на воспитувачите. Овие занимални се опремени со соодветен мебел, играчки и друг материјал за работа со децата. Две групи се опремени со основниот Монтесори материјал кој го користат во слободните активности , надвор од предвидената програма како додатни активности дозволени со Законот за детска заштита и Програма за воспитно – образовна работа. Истите содржат материјали од : практичен живот , материјали за сетилата , материјали за математика и дел од основните материјали за јазик и космичко воспитување. Во рамките на слободните активности ќе се имплементираат Монтесори материјалите според сензибилните фази во кои се наоѓаат децата. Воедно , воспитувачите ќе ги применуваат основните принципи за работа.

Оваа година се планира да се набават игровен и друг дидактички материјал за работа со децата потребен според содржините кои ќе се реализираат. Исто така се планира сите групи да бидат опремени и дополнети со нов мебел по потреба.



### 2.1.3 Стручна литература , стручни списанија за деца

Градинката располага со библиотечен фонд и тоа : литература за деца, прирачници и методики за реализирање на воспитно – образовната работа, педагошка и психолошка литература како и книги од областа на белетристиката.

Од детските списанија библиотеката располага со броеви на списанијата : Росица, Развигор, Другарче, Смешко и Супер Смешка. Библиотеката располага и со стручна литература од " Просветно дело " која опфаќа содржини од дидактиката , развојната психологија , музичкото воспитание , ликовното воспитание и содржини од воспитно – образовната практика. Сместена е во Управата , а книгите и оваа година ќе бидат достапни на сите оние на кои што ќе им се потребни за едукација и самообразование.

Кабинетите во објектите располагаат со библиотеки со скромен фонд на стручна литература : прирачници, билтени, методики за реализирање на воспитно – образовната работа и педагошка и психолошка литература. Целокупната литература ќе биде достапна до сите вработени и родители кои ќе изразат желба да се едуцираат од соодветната област.



### 2.1.4 Уреденост на дворните површини

Детската градинка располага со 12.018м2 дворна површина. Дворовите во сите објекти редовно се одржуваат и оплеменуваат со насади и дрвца. Максимално се користат секогаш кога дозволуваат временските услови и тоа за реализација на планираните активности со децата ( игри на отворен простор , прошетки ).

Во сите објекти има градинари кои се грижат за одржувањето на дворните површини (насади од цвеќиња и трева) и чистење од шут. Оваа година со превземање од Македонски шуми добивме уште по еден градинар така што во секој објект има по два градинари. И оваа година по повод Недела на детето се планира акција со родителите за оплеменување на дворните површини со разновидни цветни аранжмани во сите објекти и можност за обновување на цветните аранжмани во зависност од временските услови и трајноста на цвеќињата , а исто така и засадување на нова трева во некои делови од дворовите во објектите.

Исто така со реализација на Програма за едукација на децата од предучилишна возраст во процесот на одгледување и консумирање на здрава храна , насловен како “Градина во детските градинки ‘’ се планира да се направат садници во сите објекти во кои ќе се засадуваат разновидни билки со цел децата да го доживеат процесот на засадување и одгледување на растенија , а воедно истата да ја консумираат. За таа намена ќе треба да се обезбедат додатни финансиски средства конкретно за изработка на садниците кои треба да бидат со димензии пропишани во Програмата одобрено од МТСП.

### 2.2. Организациона поставеност

Во Установата се застапени следниве профили кои ја извршуваат раководната , стручната, административно – техничката и непосредната работа со деца.

**Табела 3 Преглед на број на вреботени според профил на стручност**

| Профил на стручност | Вид на образование | Број на вработени | Работен статус |
|---|---|---|---|
| Директор | ВСС/VII 1 | 1 | 1 неопределено |
| Педагог | ВСС/VII 1 | 1 | 1 неопределено |
| Социјален работник | ВСС/VII 1 | 1 | 1 неопределно |
| Дефектолог | ВСС/VII 2 | 1 | 1 неопределно |
| Логопед | ВСС/VII 1 | 1 | 1 неопределно |
| Негуватeл | ССС | 58 | 50 неопределено<br>8 АПВ |
| Воспитувач | ВСС/VII 1 | 34 | 32 неопределено<br>1 определено<br>1 АПВ |
| Музички педагог | ВСС/VI 1 | 1 | 1 неопределно |
| Медицинска сестра | ВСС/VII 1 | 1 | 1 неопределно |
| Правник | ВСС/VII 1 | 1 | 1 неопределено |
| Економист | ВСС/VII 1 | 1 | 1 неопределно |
| Материјален книговодител | ССС | 1 | 1 неопределено |
| Готвач | ССС | 4 | 4 неопределено |
| Помошник готвач во главна кујна | ССС | 1 | 1 неопределено |
| Помошник готвач во чајна кујна | ССС | 4 | 3 неопределено<br>1 АПВ |
| Садмијачка | ССС | 1 | 1 неопределено |
| Домаќин возач | ССС | 1 | 1 неопределено |
| Хаус мајстор | ССС | 1 | 1 неопределено |
| Хигиеничар | ССС | 21 | 11 неопределено<br>10 АПВ |
| Градинар | ССС | 6 | 6 неопределено |

| | | |
|---|---|---|
| **Вкупно** | **141** | 118 неопределено<br>1 определено<br>22 АПВ |

Целта на Установата во однос на организационата поставеност е да ја подобри квалификацијата и структурата на сите профили кои ја извршуваат непосредната работа со деца. Самиот факт што градинката располага со стручен тим од 6 члена(стручни работници : ( стручни работници : педагог, социјален работник , дефектолог , логопед, музички педагог и медицинска сестра ). Триесет и четири воспитувачи кои завршиле високо образование со звање професор по предучилишно воспитување и лиценца за работа, 58 негуватели со соодветно средно образование со лиценца за работа во градинка , претставува добар показател за квалитетно воспитание образование и згрижување на огромен број на деца кои се запишани во нашата Установа и голем број на деца на листа на чекање.

### 2.3 Работно време на Установата

Работното време на детската градинка и оваа учебна година ќе започнува во 6 : 00 часот и ќе завршува во 18 : 00 часот. Во рамките на четириесетчасовна работна недела распоредот на работното време за сите извршители го утврдува Директорот на градинката.

## 3.ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖИВОТОТ И РАБОТАТА ВО ДЕТСКАТА ГРАДИНКА

### 3.1. Организација на животот и работата во детските јасли

Јавната детска градинка ‘’ Весели Цветови ‘’ на Општина Кисела Вода , во град Скопје , згрижува деца од јаслена возраст во 8 воспитни групи сместени во четири објекти и тоа Сончоглед, Мимоза , Синоличка, Ѓурѓица и Симба со вкупно запишани 149 деца.

Табела 4. Број на јаслени групи и број на негуватели

| **Објект** | **Број на групи-јасли** | **Број на деца во група** | | | **Број на негуватели** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Синоличка** | 3 | 9-12м | 12-18м | 18-24м | 6 |
| | | 16 | 17 | 24 | |
| **Мимоза** | 1 | 24 | | | 3 |
| **Сончоглед** | 2 | 12-18 м | 18-24 м | | 4 |
| | | 17 | 22 | | |
| **Ѓурѓица** | 1 | 18 | | | 2 |
| **Симба** | 1 | 11 | | | 2 |
| **Вкупно** | **8** | **149** | | | **17** |

Работните задачи за нега и грижа, превентивно – здравствената заштита на децата и воспитно – образовната работа со децата  до 24 месеци ги реализираат негуватели кои се подготвени за работа со деца од соодветната старосна структура.



Секојдневните работни задачи се однесуваат на :

- Континуирана дневна нега и грижа за здравјето на децата во групата ,
- Поттикнување и стимулирање на развојот на децата со најразновидни игри и песни за соодветната возраст.
- Следење на специфичностите за раниот развој до 2 години и индивидуалните потреби на детето.
- Создавање на поволна социо – емоционалната клима во групата.

Подготвување и структуирање на стимулативна средина за задоволување на желбите и потребите на децата.

- Планирање на активности во периодот на адаптација кои на детето му овозможуваат полесен престој и побрзо прилагодување на новиот простор , новите лица (негуватели) и деца.
- Посебно негување на индивидуалните контакти низ едноставни контакти низ едноставни постапки, а подоцна вклучување во заеднички начин на работа.(игра)
- Соработка со семејствата ( перманентно информирање за развојот за развојот на детето, за организацијата на животот во групата, за активностите кои се реализирани со децата, како и за актуелните прашања и проблеми поврзани со негата и здраствената состојба на децата).

Основната цел на згрижувачко – воспитната работа ќе биде создавање поволна средина во кој децата ќе стекнуваат нови искуства според сопственото темпо на развој. Негувателите ќе ги негуваат, поттикнуваат и оплеменуваат спонтаните изрази на однесување на децата во однос на нејзината непосредна околина.

Програмските содржини ќе се планираат и ќе се реализираат низ природни ( животни) ситуации почитувајќи ги потребите на децата на соодветна возраст . Во создавањето на поволната воспитна средина посебно место ќе имаат игровните активности со децата, кои на таа возраст имаат воглавно функционален карактер и се однесуваат на манипулирање со предметите заради совладување на одредени движења , синхронизација на сетилата и движењата, совладување на просторот и запознавање со предметите.

Во текот на годишното планирање за воспитна работа со децата ќе се поаѓа од Програмата за ран детски развој од 0 – 6 години , базирано врз Стандардите за ран детски развој кој што наметнува нови насоки за имплементација во однос на воспитувањето кое што е поделено во пет основни домени и тоа :

- Физичко – сензорниот развој ( нега , поттикнување и развивање на движења, поттикнување на развој на моториката , стекнување на навики)
- Емоционално – социјалниот развој ( поттикнување на различни искуства кај децата , поттикнување на самостојност , сигурност , поттикнување за усвојување на основни начини и правила на однесување и негување на природата, за истражување , поттикнување и развој во стекнување на различни сетилни искуства )
- Когнитивниот развој ( поттикнување на интелектуалните и менталните способности на децата , поттикнување за развој на говор и комуникација , проширување и стекнување на нови поими од опкружувањето , односно интеракција на децата со останатите објекти, субјекти и настани кои што се случуваат во неговата околина )
- Развој на јазикот и комуникација ( поттикнување кон усвојување на јазикот и неговото правилно користење и комуникација со надворешната средина )
- Развој на пристап кон учење ( поттикнување на иницијативност , љубопитност и интересот кон учење во раното детство).

Планирањето ќе се спроведува месечно во насока за дневно планирање на игровните активности и тоа на две развојни нивоа : за деца од 8 – 18 месеци и за деца на возраст од 18 – 24 месеци. Сите задачи ќе се планираат и реализираат во рамките на секоја воспитна група, за која ќе се води посебна документација ќе се бележат податоци за планот на денот и негата која треба да им се пружи , здравствената заштита , воспитната работа во текот на месецот , нивото на соработка со родителите и соодветното стручно усовршување.

### 3.2. Организација на животот и работата во градинка

Раното детсво е период кога децата учат како да учат. По природа тие се љубопитни, сакаат да истражуваат , покажуваат интерес кон сето она што е дел од нивното опкружување , така што сето споменато , за нас како професионалци претставува предизвик и потреба да дадеме придонес во унапредување на пристапот кон учење кај децата уште од најрана возраст.

Реализација на воспитно – образовната Програма со децата од градинка во тој контекст ќе се одвива во 33 воспитни групи со која ќе бидат опфатени сите деца запишани во делот на градинка. Активностите со децата ќе ги планираат тематски, усогласувајќи ги програмските содржини со постоечката програма, а во 2 воспитни групи во слободните активности ќе се реализираат и активности од областа на Монтесори педагогија ( два воспитувачи имаат сертификати за помината едукација за воспитување на деца по принципот на Монтесори педагогија и се квалификувани да ги пренесат знаењата од дадената област).

Табела бр.5 Број на групи-градинка и воспитно-згрижувачки кадар

| **Објект** | Број на групи | Вкупен број на деца | Број на воспитувачи | Број на негуватели |
|---|---|---|---|---|
| **Кокиче** | 4 | 102 | 4 | 5 |
| **Синоличка** | 9 | 304 | 9 | 16 |
| **Мимоза** | 6 | 185 | 6 | 12 |
| **Сончоглед** | 7 | 230 | 7 | 13 |
| **Перуника** | 2 | 48 | 2 | 3 |
| **Ѓурѓица** | 4 | 127 | 4 | 7 |
| **Симба** | 3 | 30 | 1 | 3 |
| **Вкупно** | **32** | **1026** | **33** | **56** |

Воспитно – образовната работа со деца на возраст од 2 до 6 години ќе се темели на следниве приоритетни задачи :

- Обезбедување на квалитетна воспитно – образовна средина, која ќе ги следи правата на децата, ќе ги почитува нивните карактеристики и потреби и ќе го поттикнува нивниот целосен психофизички развој.
- Применување на посебни техники во периодот на адаптација и процесот на социјализација кај новозапишаните деца за полесно прилагодување на новата средина.

Богатење и поттикнување на детскиот развој со стимулирање на социјалниот, емоционалниот , физичкиот и интелектуалниот развој.

- Обезбеување на услови за проширување на социјалните и когнитивните искуства со кои се ублажуваат социјалните, културните и други разлики кај децата и се поттикнува еднаквост .
- Следење на развојните и индивидуалните карактеристики кај секое дете кое престојува во градинка.
- Создавање на пријатна клима и однос дете – дете , дете – воспитувач , дете – негувател, воспитувач – родител , негувател – родител , воспитувач – поширока околина.
- Поттикнување на истражувачка работа и унапредување на воспитно – образовната пракса.
- Унапредување на воспитната функција на семејството со соодветната едукација од стручните работници преку индивидуални разговори , предавања, работилници со цел дополнување на домашното воспитување.

Работа со децата на возраст од 2 до 6 години ја реализира воспитувачот со асистенција на негувателот. Воспитувачот е креатор и истражувач во својата работа. Негова главна задача е да изготви дневен оперативен план кој содржински е разработен низ сите развојни домени и тоа : здравје и моторен развој, социо – емоционален развој, развој на пристап кон учење, развој на јазикот, описменување и комуникација и когнитивен развој и стекнување на општи знаења, кои имаат за цел да понудат можен начин на реализација на активностите , но истовремено имаат за цел да го поттикнат

воспитувачот кон изнаоѓање на други можности во зависност од интересите и потребите на децата. Ваквиот начин на планирање захтева дневно да се планираат голем број на содржини и активности кои ќе го поттикнуваат раниот детски развој преку имплементација на Стандардите за ран детски развој.

Перманентно , ќе се настојува да им се излезе во пресрет на индивидуалните и групните потреби на децата, ќе се применуваат мирни и активни игровни активности во текот на денот, ќе се планираат воспитно – образовни активности и оние кои ќе се придонесуваат за релаксација на децата во одредени периоди од денот како и планирање на активности внатре и надвор од занималната. Во сите подрачја на развојот кај децата ќе се поттикнува и зајакнува самостојноста и истражувачки дух. Низ систем на игри и активности ( перцептивни , моторни , истражувачки , здравствено – хигиенски ) се дава поддршка на секое дете да создаде реална слика за себе. На овој начин се планира кај децата да се поттикнува и развива самодовербата, можност да работат според сопственото темпо , да им се овозможи слободно експериментирање и истовремено учење и осознавање на предметите и појавите од непосредната околина.

- Просторно – временските сознанија ќе се реализираат низ откривање и запознавање по пат на набљудување и експериментирање и низ следење на процесите и двежењето на појавите во време.
- Ќе се поттикнуваат вербалните способности ( проширување на речникот и усовршување на граматичките структури ) ќе се поттикнува флуентноста , флекси – билноста, дивергеното мислење и интелектуалната иницијатива .
- Децата ќе се поттикнуваат на решавање на практични проблеми низ игра и ќе се упатуваат на снаоѓање во ситуации со кои можат да се сретнат во секојдневниот живот.

Организацијата на дневните активности на децата од најрана предучилишна возраст (до 18 месеци )

| Распоред на дневни активности | |
|---|---|
| прием на деца и слободни активности | 06:00 - 08:15 |
| подготовка за појадок и појадок | 8:15 |
| реализација на дневното планирање | 9:00 |
| ужинка | 10:00 |
| тоалет и подготовки за спиење | 10:20 |
| пасивен одмор - спиење | 10:50 |
| тоалет,подготовки за ручек | 12:50 |
| ручек | 13:10 |
| миење раце и тоалет | 13:40 |
| слободни игри и престој на воздух | 14:00 |
| ужинка | 15:00 |
| реализација на дневно планирање | 15:30 |
| слободни игри | 16:00 |
| Заминување на децата | 18:00 |

Организација на дневните активности на децата од најрана преучилишна возраст (над 18 до 24 месеци )

| Распоред на дневни активности | |
|---|---|
| прием на деца и слободни активности | 06:00 - 08:15 |
| подготовка за појадок и појадок | 8:15 |
| реализација на дневното планирање | 9:00 |
| ужинка | 10:00 |
| слободни игри и престој на свеж воздух | 10:30 |
| пасивен одмор - спиење | 10:50 |
| тоалет,подготовки за ручек | 11:30 |
| ручек | 12:00 |
| миење раце и тоалет | 13:40 |
| слободни игри и престој на воздух | 14:00 |
| ужинка | 15:00 |
| реализација на дневно планирање | 15:30 |
| слободни игри | 16:00 |
| Заминување на децата | 18:00 |

Организација на дневните активности на децата од постара предучилишна возраст (над две до четири години )

| Распоред на дневни активности | |
|---|---|
| **прием на деца и слободни активности** | 06:00 - 08:15 |
| **Утринска гимнастика** | 08: 15 |
| **појадок** | 8:15 |
| **реализација на дневното планирање** | 9:00 |
| **ужинка** | 10:00 |
| **реализација на дневно планирање** | 10:30 |
| **прошетки,набљудавањаи престој на свеж воздух** | 10:30 |
| **ручек** | 12:15 |
| **пасивен одмор - спиење** | 12:45 |
| **ужинка** | 14:45 |
| **реализација на дневното планирање** | 15: 15 |
| **Слободни игри** | 16:30 |
| **Средување надневните центри** | 17:30 |
| **Заминување на децата** | 18:00 |

Организација на дневните активности на децата од постара предучилишна возраст ( над четири до шест години )

| Распоред на дневни активности | |
|---|---|
| **прием на деца и слободни активности** | 06:00 - 08:15 |
| **Утринска гимнастика** | 08: 15 |
| **појадок** | 8:15 |
| **реализација на дневното планирање** | 9:00 |
| **ужинка** | 10:00 |
| **реализација на дневно планирање** | 10:30 |
| **прошетки,набљудавања и престој на свеж воздух** | 11:15 |
| **средување на центрите** | 12:00 |
| **ручек** | 12:15 |
| **пасивен одмор - спиење** | 12:45 |
| **ужинка** | 14: 30 |
| **реализација на факултативни програми** | 15:00 |
| **реализација на дневни планирање** | 15:30 |
| **слободни игри** | 16: 45 |
| **средување на центрите за учење** | 17:30 |
| **заминување на децата** | до 18 : 00 |

Застапеноста и видот на конкретните задачи и подрачја на развојот се планираат посебно во секоја воспитна група во зависност од потребите и интересите на децата. Изборот на темите, определување на развојните задачи по домени , изнаоѓање на стандардите за реализација на дневниот оперативен план, вклучување на децата во активностите , индивидуализација и начините и формите на соработка со пошироката социо – културна средина се одбираат од епосредните искуства на децата , околината, промените во природата и актуелните теми со кои имаат за цел да ги прошират познавањата на децата.

Основни тематски целини кои се планираат за реализација во текот на учебната 2023/2024 година се :

- - Наведените тематски целини се реализираат низ планирани и разработени теми, содржини, активности кои ќе бидат дел од активностите на Активот на воспитувачи. Планирањата ќе ја следат возраста на децата , различното ниво на развој , индивидуализираната работа со деца, актуелностите во околината, соработката со родителите и средината. По соработката на секоја тема воспитувачите ќе прават еваулација на реализираните воспитно – образовни активности при што ќе се согледуваат проблемите во реализацијата и ќе се даваат сугестии за понатамошната работа.

- Воспитувањето и образованието на децата од 2 до 6 години е продолжение на домашното воспитување и како такво е отворено за соработка со родителите. Соработката со родителите ќе се реализира преку дополнителни активности во групата и ќе се изнаоѓаат решенија за поуспешно имплементирање на зацртаните Програми.

- Слободните активности како форма на непосредно воспитно влијание, насочување и следње на детскиот развој ќе се организираат секојдневно , овозможувајќи му на секое дете слободно да игра , да се изразува како индивидуа , да твори и фантазира , да игра и соработува со другите деца , да ги проверува, потврдува и изградува своите способности и можности и сл. Истите ќе се реализираат во утринските часови , пред и по организираните активности , пред ручекот , по попладневниот одмор и тоа во

центрите за активности сместени во занималните, во дворот и на други места во и надвор од објектот ( по избор на воспитувач и децата).

За реализација на активностите со децата во попладневните часови изготвени се посебни планови кои ќе бидат реализирани од страна на негувателките со децата кои остануваат подолго во градинката.

### 3.3. Број на воспитни групи и број на деца

Проектираниот капацитет на Јавната детска градинка ‘’ Весели Цветови ‘’ на Општина Кисела Вода , во град Скопје е за 882 деца. Во 2023/2024 година се опфатени 1026 деца. Децата се распородени во 41 воспитни групи и тоа : 149 деца од јаслена возраст во 8 воспитни групи и 877 деца во градинка во 33 воспитна група.

Табела бр.6. Број на децата и воспитните групи по објекти

| **ОБЈЕКТ СИНОЛИЧКА** | | | |
|---|---|---|---|
| Воспитна група | норматив | состојба на 01.09 | **над капацитет** |
| До 12 мес | 8 – 10 деца | 15 | |
| 12 – 18 мес | 10 – 12 деца | 17 | |
| 18 – 24 мес | 10 – 12 деца | 24 | |
| 2 - 3 | 12 – 15 деца | 30 | |
| 2 - 3 | 12 – 15 деца | 27 | |
| 3 – 4 | 15 – 18 деца | 30 | |
| 3 - 4 | 15 – 18 деца | 27 | |
| 4 - 5 | 18 – 20 деца | 28 | |
| 4 - 5 | 18 – 20 деца | 28 | |
| 5 - 6 | 20 – 25 деца | 29 | |
| 5 - 6 | 20 – 25 деца | 29 | |
| 2 – 4 | 20 – 25 деца | 20 | |
| **Вкупно** | **253** | **304** | **51 деца** |

| ОБЈЕКТ КОКИЧЕ | | | |
|---|---|---|---|
| Воспитна група | норматив | состојба на 01.09 | **над капацитет** |
| 2 - 3 | 12 - 15 | 17 | |
| 3 - 4 | 15 - 18 | 27 | |
| 4 - 5 | 18 – 20 | 27 | |
| 5 - 6 | 20 - 25 | 31 | |
| **Вкупно** | **90** | **106** | **16 деца** |

| Објект Сончоглед | | | |
|---|---|---|---|
| Воспитна група | Норматив | Состојба на 01.09 | **Над капацитет** |
| 12 – 18 месеци | 10 – 12 деца | 17 | |
| 12 – 24 месеци | 10 – 12 деца | 23 | |
| 2 – 3 години | 12 – 15 деца | 23 | |
| 2- 3 години | 12- 15 деца | 22 | |
| 3- 4 години | 15 – 18 деца | 31 | |
| 4 – 5 години | 18 – 20 деца | 30 | |
| 4 -5 години | 18 – 20 деца | 28 | |
| 4 – 6 години | 18 – 20 деца | 31 | |
| 5 – 6 години | 20 – 25 деца | 25 | |
| **Вкупно** | **192** | **230** | **38 деца** |

| Објект Перуника | | | |
|---|---|---|---|
| Воспитна група | Норматив | Состојба на 01.09 | **Над капацитет** |
| 2- 4 деца | 12 – 18 деца | 17 | |
| 4 – 6 деца | 18 – 25 деца | 31 | |
| **Вкупно** | **50** | **48** | **0 деца** |

| Објект Мимоза | | | |
|---|---|---|---|
| Воспитна група | Норматив | Состојба на 01.09 | **Над капацитет** |
| Од – 24 месеци | 10 – 12 деца | 23 | |
| 2 - 3 | 12- 15 деца | 20 | |
| 2 - 3 | 12 – 15 деца | 19 | |
| 3 - 4 | 15 – 18 деца | 31 | |
| 4 - 5 | 18 – 20 деца | 29 | |
| 4 – 5 | 20 – 25 деца | 31 | |
| 5 – 6 | 20 – 25 деца | 32 | |
| **Вкупно** | **140** | **185** | **45 деца** |

| Објект Ѓурѓица | | | |
|---|---|---|---|
| Воспитна група | Норматив | Состојба на 01.09 | **Над капацитет** |
| Од – 24 месеци | 10 – 12 деца | 18 | |
| 2 – 3 години | 12 – 15 деца | 18 | |
| 3 – 4 години | 15 – 18 деца | 31 | |
| 4 – 5 години | 18 – 20 деца | 30 | |
| 5 – 6 години | 20 – 25 деца | 30 | |
| **Вкупно** | **90** | **127** | **37 деца** |

| Објект Симба | | | |
|---|---|---|---|
| Воспитна Група | Норматив | Состојба 01.09 | **Над капацитет** |
| Од – 24 месеци | 10 – 12 деца | 12 | |
| 2 – 6 години | 20 – 25 деца | 18 | |
| Вкупно | **52** | 30 | 0 |

Новата учебна 2023/2024 година започнува со вкупно 1026 деца, и вкупно 187 дете над предвидените услови и капацитет за престој на децата во објектите. Тоа е доволен показател за континуираната соработка на Установата со родителите и залагањето на целиот кадар за прифаќање на поголемиот дел на децата кои навистина имаат потреба од згрижување во детската градинка ,налага зголемен број на деца во сите воспитни групи од нормативните пропишани со закон. Сепак останувaат и деца кои ги водиме на листа на чекање и тоа :

| **Објект** | **2023год** | **2022 год** | **2021год** | **2020год** | **2019год** | **2018год** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Кокиче** | **7** | **5** | **18** | **3** | **6** | **/** |
| **Мимоза** | **20** | **60** | **21** | **11** | **8** | **4** |
| **Синоличка** | **24** | **58** | **36** | **16** | **10** | **5** |
| **Сончоглед** | **21** | **65** | **25** | **9** | **5** | **7** |
| **Перуника** | **0** | **6** | **5** | **5** | **8** | **/** |
| **Ѓурѓица** | **0** | **33** | **15** | **7** | **12** | **3** |
| **Симба** | **0** | | | | | |
| **Вукпно** | **72** | **227** | **120** | **51** | **49** | **19** |

Од горе наведената табела може да се заклучи дека предучилишното воспитание треба да биде достапно за сите деца а не да биде привилегија на одреден број на деца или родители чии деца се згрижени во Установата. Најголем број од родителите на деца кои се на листа на чекање се во работен однос и потребата од згрижување на децата во нашата Установа им е од посебно значење. Според ‘’ Конвенцијата за правата на децата ‘’ , секое дете има право да посетува градинка. Поагајќи од овие права, во Установата е дозволен зголемен бројот на запишани деца од страна на општина Кисела Вода.

Освен моментот на згрижување се поголем е бројот на родители , кои како цел за запишување во градинка ја истакнуваат социјализацијата, учењето и стекнувањето на навики , стимулирањето на развојот и потребата за рано учење и стекнување на знаења. Успешната воспитно – образовна работа е веќе претпознатлива и истакнувана од страна на родителите. Неможноста да се излезе во пресрет на сите родители кои чекаат да се ослободи место за упис на нивното дете во саканата градинка е голем проблем за Комисијата за прием на деца во детска градинка. За состојбата со листата на чекање известени се секторот за предучилишно образование во општина Кисела Вода, Градоначалникот на општина Кисела Вода и Министерството за труд и социјална политика.

**3.4 Јавна и културна дејност**

Отвореноста на ЈДГ '' Весели Цветови '' за соработка и постојана интеракакција помеѓу детето и средината што го опкружува претставува значаен услов за поттикнување на развојот и созревањето на личноста на детето.

Јавната и културна дејност има за цел да придонесе за што поцелосно реализирање на програмските задачи, за подобрување на воспитно – образовните резултати , како и за развивање и богатење на општествениот и културниот живот во Установата и во пошироката средина.

Во тој поглед, јавната и културната дејност ќе се реализира низ следниве форми :

- Одбележување на сите поважни датуми и празници со активности од типот на прослави и наменски приредби и манифестации , како што се : одбележување на Детската недела, учество на ликовни конкурси , детски фестивали и други манифестации, снимање на радио и ТВ емисии и друго .
- Оваа година ќе имаме соработки со одредени вониституционални организации со цел интерактивни, музичко - драмски претстави за децата од нашата институција.

Исто така, детската градинка и оваа година ќе земе учество на сите приредби, манифестации , програми и проекти одрганизирани од страна на општина Кисела Вода и други институции и здруженија со кои континуирано соработува и гради партнерски односи.

### 3.5 Соработка со родители

За што поуспешна комуникација , соработка и партнерство со родителите , а со желба за што подобро запознавање на детската личност и поттикнување на нејзиниот развој , ќе се применат следниве облици на соработка :

- Родителски средби во сите воспитни групи градинка и јасли , ставање акцент на запознавање со условите на родителите на ново – запишаните (запознавање со Програмата за работа, распоредот на дневните активности, информации за престојот , плаќањето на сметките при отсуство од градинка);
- Периодично состанување со родителите на заеднички состаноци со цел известување за плановите за работата со децата и вклучување на родителите во истите ;
- Утрински средби и консултации при прием на дете во градинка ;
- Попладневни средби и консултации при земање на детето од градинка ;
- Повремени индивидуални средби со родителите за следење на развојот на децата ;
- Индивидуални средби со директорот, педагог, дефектолог, логопед , социјалниот работник, медицинската сестра, заради разни потреби и советувања.
- Тематски родителски состаноци и едукативни педагошки работилници ;
- Заеднички активности со другите членови од семејството на детето кое е запишано во градинката ( брат, сестра, баба, дедо ) заради подобра адаптација ;
- Посета на работното место на родителите ( доколку родителот е во можност да ги прими децата од групата во која што оди нивното дете, или заради стекнување на знаења за одредени професии )
- Иницијално интервју со родители при упис на дете во градинка;
- Пополнување на анонимни анкетни листови на почетокот и крајот на учебната година , заради следење на квалитетот на воспитно – образовната и згрижувачката работа и добивање на предлози за унапредување на истата;

- ’’Растеме заедно ‘’ – поддршка на децата на возраст до 3 години од нивните родители;
- Заеднички прошетки и дружења со родителите , со цел за поуспешна соработка;
- Давање можност на родителите да донираат се она што би послужило за разубавување на средината во која нивното дете поминува голем дел од денот.



**3.6 Соработка со основните училишта**

Соработката со основните училишта на ниво на општина Кисела Вода овозможува континуирано , систематско влијание врз воспитно – образовното ниво на децата. За таа цел се планираат следниве активности :

- заеднички групни посети во основните училишта од блиската околина ;
- присуство на училишен час , во вид работилница за деца од 5 до 6 год;
- планирање на заеднички прослави и приредби по повод разни пригоди ;
- заеднички настап на јавни манифестации, изложби и слично ;
- средби со наставниците од училиштата со цел запознавање со резултатите и успесите на децата што ги постигнале во текот на учебната година ;
- индивидуални средби со воспитувачите и наставниците, со цел запознавање со индивидуалните особини на децата и размена на искуства во врска со

планирањето и програмирањето на содржините за реализирање на воспитно – образовната работа со децата од 5 – 6 годишна возраст;

- пермаментна соработка со педагошко – психолошката служба во училиштата.

Во соработка со ЈУ Детски културен центар Карпош ќе се реализираат и неколку заеднички тековни активности.



## 4. Програма за работа на Директорот

Директорот на Установата во учебната 2023/2024 година своите ангажирања ќе ги насочува кон целосно реализирање на програмските задачи, а воедно ќе биде и главен организатор и координатор на целокупната дејност на детската градинка. Директорот работата ќе ја реализира во рамките на Законите, задачите и надлежностите кои се утврдени со Статутот и актите на Установата, а ќе биде насочена кон следните подрачја: Глобални цели за развој на градинката Приоритетна цел за која ќе се залага Директорот оваа година ќе биде стучно и ефикасно водење на целокупната работа на Установата од секој аспект, комуникација со Градоначалникот на ОКВ и Министерот на МТСП во однос на изнаоѓање решение за изградба на нова градинка или изнаоѓање простор за прифаќање на што поголем број на деца кои моментално се на листа на чекање, со тоа и отворање на нови воспитни групи, нови вработувања и подобрување на стандардот на децата и на вработените во Установата и изнаоѓање спонзорства и донации, кои ќе имаат за цел да го подобрат животот на децата во Установата. Основни принципи за развој на градинката За реализирање на горенаведените цели, како и остварување на целокупната дејност во градинката, Директорот ќе се раководи од следниве принципи, кои ќе бидат приоритет во работењето:

- хармонизирање на работата на кадарот, распоредување на работата и работните задачи и подеднакво оптоварување на вработените.

- поттикнување совесност и одговорност во процесот на извршување на работните задачи од страна на сите вработени, со целисходна и јасна ориентација во остварувањето на дејноста.

- мотивирање на згрижувачкиот и воспитниот кадар, како носители на дејноста, во зголемено ангажирање за постигнување на поголеми резултати во реализацијата на воспитно

-образовниот процес. - максимално искористување на стручните потенцијали на вработените и создавање услови за натамошно стручно усовршување на истите.

- принцип на чесност и работливост во раководењето.

- почитување на детската личност од секаков аспект и забрана на било каков вид на дискриминација на децата кои веќе престојуваат во градинката.

- создавање услови за оптимален развој на детето, на физички, социјален, емоционален и интелектуален план. - почитување на индивидуалните разлики кај децата во степенот на развој на способностите и интересите.

- создавање на здрава емоционална клима и работна, стимулативна атмосфера меѓу вработените и родителите, кои претставуваат важен партнер и фактор во релацијата дете-градинка. Концепциско

-програмска работа Во однос на концепциско-програмската работа, Директорот ќе ги реализира следниве активности:

- спроведување на мерки за реализирање на Законот за заштита на деца.

- подготвување на Годишна програма и Годишен извештај за работата на градинката и предлагање пред Управниот одбор,подготвување и на други видови програми и планови, и утврдување проекции за развој и работа на градинката и преземање мерки за нивна реализација.

-учество во изготвување на Финансов план и Финансов извештај и предлагање до Управниот одбор, Советот на Општина Кисела Вода, Министерството за труд и социјала и Министерството за финансии.

- непосредна контрола и примена на мерките за заштита при работа, предвидени со закон и обезбедување услови за поголема безбедност на децата и вработените во Установата.

- обезбедување услови за организација на правилна исхрана на децата, поаѓајќи од енергетските потреби и нормативите предвидени од Заводот за домаќинство на РМ.

- обезбедување кадровски услови за нормално одвивање на дејноста во текот на годината.

- Редовно учество на седници на Управен одбор во однос на негово информиање за состојбата и застапувајки ја Установата, реализирајќи ги одлуките и заклучоците, донесени по разни основи;

- Редовна контрола над работата на административно-финансиско работење на градинката; -Учество во изготвување на тендерските документации, за успешно реализирање на Планот за јавни набавки во Установата;

- Следење, контрола и надзор при изготвување на исхраната за децата, планирање на листата за јадење, контрола на артиклите од кои таа се подготвува; - Давање мислења и предлози за унапредување на воспитно-образовната и згрижувачко-воспитната работа со децата;

- Непосредно учество во комисиите и директна реализација на Програмата за тековно и инвестиционо одржување, со цел да се подобри безбедноста на објектите и престојот на децата во нив;

- Надзор и контрола врз работата на сите вработени со донесување на соодветни одлуки решенија и наредби со кои се решаваа определени прашања, права и одговорности на вработените;

- Раководење со стручните органи преку иницирање на активности за решавање на определени прашања и подготвување материјали, почитувајќи ги законските прописи;

- Следење и евалуација на работата на одговорните воспитувачи во објектите и стручна поддршка во дадена ситуација;

- Активно ангажирање во насока на афирмирање и презентирање на Установата пред надворешната јавност, како пример за успешна и добро реномирана градинка во градот, Републиката и надвор од неа

- донесување одлуки и решенија согласно Законот за работни односи и Законот за јавни службеници.

- создавање услови и материјални средства за реализирање на програмата за тековно и инвестиционо одржување.

- Редовна контрола над работата на административно-финансиско работење на градинката; - Учество во изготвување на тендерските документации, за успешно реализирање на Планот за јавни набавки во Установата;

- Давање мислења и предлози за унапредување на воспитно-образовната и згрижувачко-воспитната работа со децата. Перманентно иницирање и спроведување аналитики од најразличен тип со цел, следење на состојбите и новонастанатите ситуации. Подготвување извештаи и информации до органот на управување и други државни органи и инстутуции .

- Раководење и организирање на подготовките од областа на одбраната. Непосредна работа со стручните органи во градинката Работата со стручните органи ќе ја реализира перманентно со планирање и програмирање на работата на: Стручниот совет, Совет на воспитувачи и Совет на негуватели.

Аналитичко-студиска работа Аналитичко-студиската работа ќе ја реализира со:

- анализирање и проучување на глобалните планирања на ниво на градинката.

- изготвување на анализи, извештаи, информации и други стручни материјали во врска со реализација на програмата за воспитно-образовната дејност во предучилишното воспитание и образование.

- следење и анализа на месечната потрошувачка за исхрана на детето, со цел да се утврди цената на чинење на услугите за престој на детето во установата.

- следење, и анализа на табели и прегледи за бројот на запишани и отпишани деца, присуство и отсуство на децата, и исполнетост на капацитетот по објекти со предлог мерки за евентуални корекции во однос на одржувањето на бројната состојба на децата по воспитни групи.

- следење и навремено уочување на потреба од евентуални промени на ка- дарот, со цел да се придонесе за нормално извршување на работата и подобрување на резултатите во работата.

- упатување и оспособување на воспитувачите, стручните работници и стручните соработници за аналитичко студиска работа. Соработка со родителите Вклучувањето на родителите во Советот на родители и непосредната соработка би се одвивале на следниов начин:

- Редовна комуникација со родители на децата кои престојуваат во Установата преку индивидуални разговори, присуство на родителски средби групни средби, едукативни средби и други форми на соработка;

- вклучување на родителите во соодветни активности во градинката заради подобрување на работа.

- иницирање и организирање на општи родителски средби. - советодавна работа со родителите на децата кои престојуваат во градинката.
(информации,разговори,искуства и друго).

- организирање стручни средби со родителите на децата од градинката, со цел да им се дадат насоки за правилно воспитување и одгледување на нивните деца во семејството.

- прифаќање предлози, спонзорства и донации од родителите - подобрување на квалитетот на комуникацијата воспитувач-родител, негу-вател-родител, вработен-дете, со цел да се создаде меѓусебна доверба и сигурност.

- воспоставување партнерски однос со родителите и нивно поактивно вклучу- вање во реализацијата на програмата; Соработка со организации и институции во однос на афирмација на градинката пошироко Интензивирањето на соработката со организации и институции за афирмирање на градинката ќе се реализира со:

- организирање соработка на детската градинка со други стручни органи и институции од градот, државата и надвор од неа.

- интензивирање и непосредна соработка со Локалната самоуправа на Општина Кисела Вода, Градоначалникот, Советот на ОКВ и Раководителот на сектор, поради успешно остварување на основната функција на градинката и подобрување на условите за престој на децата во неа.

- непосредна соработка со МТСП - непосредна соработка со Бирото за развој на образованието на РМ, во рамките на реализација на воспитно-образовните содржини:

- соработка со Филозофскиот и Педагошкиот факултет

- соработка со предучилишни установи во државата и пошироко.

- соработка со организации и институции од областа на воспитанието и образованието, науката, здравството, социјалните дејности, стопанските субјекти, медиу-ми и слично.

Приоритети во остварување на дејноста За успшно остварување на Планот и Програмата за работа и развој на градинката Директорот редовно ќе ги следи промените на Законот и реформите во системот, запознавајќи се со законските регулативи. Приоритетна задачи во оваа година ќе бидат:

- Создавање позитивна клима во колективот ;

- Создавање услови за тимска работа која е неопходна во процесот на секојдневното планирање и работење;

- Создавање на подобри услови за непречен раст и развиток на децата поточно во делот на проширување на капацитетите со пренамена на простор од управата на градинката во простор за отворање на нови воспитни групи во соработка со општина Кисела Вода ;

- Како и градење,доградба на нов дел во склоп на постоечки објект за проширување на капацитетите за згрижување на нови деца со средства од донација од ,,Комерцијална Банка”-АД Скопје;

-Подобрување на условите за игра во дворовите на објектите се со цел за подобра реализација на активностите и тоа ( поправка на постоечките и поставување на нови реквизити за игра на децата , лулашки , лизгалки , клацкалки , песачорници

- Јакнење на чувството на сигурност и стабилност на вработените во реализација на работата и работните задачи .Овозможување,организирање на различен вид на обуки за усовршување и унапредување на знаењето на воспитно-негователскиот како и стручниот тим ;

- Непосредна соработка со родителите, кои во установата би партиципирале со своето време, идеи и можности за изнаоѓање заеднички решенија за успешно остварување на дејноста со учество во разни работилници ,хуманитарни акции , реализација на проекти во кои се бара соработка со родители како и директна презентација во делот на соработка презентирање на професии (стоматолог , доктор , полицаец ...) ;

- Непосредна организација на процесот на работа и соработка со одговорните воспитувачи, работниците во администрацијата и сметковоството, вработените по објекти, родителите и другите соработници со кои детската градинка ќе соработува во текот на целата година;

- Непосредно соработка со Советот на родители ;

- Непосредно соработка и координација со стручните работници и соработници во рамките на остварување на дејноста;

-Следење и извршување на одлуките на органот на управување;

- Следење и спроведување на нормативната дејност во детската градинка;

- Интензивирање на средби и соработка со Советот на Општина Кисела Вода и Градоначалникот со цел да се запознаат со целокупната дејност и помогнат во изнаоѓање можни решенија во разрешувањето на конкретни проблеми и придонесат во реализирањето на потребите од промени во современиот развој на дејноста на градинката;

-Евалуацијата на целокупната работа во оваа година ќе биде примарна задача во секојдневното работење на Директорот. Со евалуацијата и самоевалуацијата на резултатите и достигнувањата при реализирањето на дадените активности ќе се согледуваат придобивките и навремено ќе се предвидуваат потребите од корекции во работењето и раководењето. Директорот својата умешност за менаџирање, способноста за организирање и координирање на сите процеси во градинката, способноста за успешно решавање на проблемите и донесување на соодветни одлуки, ќе ги искористи за организирање, следење и координирање на целокупната дејност во детската градинка.

### 4.1 Програма за работа стручните работници и соработници

| Области на работа | |
|---|---|
| **Планирање и програмирање** | - Подготовка на Годишен план и програма за работа на стручните работници (сите стручни работници);<br><br>- Планирање на воспитно- образовната работа со воспитувачите и изнаоѓање современи теми за реализација во текот на целата учебна година со секој актив во секој објект на Установата (сите стручни работници);<br><br>- Учество во изработка на Програма и планови за работа на Стручниот совет, Советот на воспитувачи и Советот на негуватели (сите стручни работници).<br><br>- Инструктивна работа на кадарот во непосредната работа со децата и унапредување на истата (сите стручни работници);<br><br>- Следење и унапредување на документација и евиденција која претставува законска обврска за секој воспитувач и негувател (педагог).<br><br>- Перманентно учество во планирање на темите на годишно и месечно ниво и изготвување на материјали за стручно усовршување на кадарот (педагог);<br><br>-Организација во однос на тематското планирање на воспитно-образовната работа на летни проекти активности (педагог);<br><br>- Изработка на списоци за прием на деца во новата 2023/2024 година (сите стручни работници);<br><br>- План за индивидуална работа со деца (сите стручни работници)<br><br>- План за работа во група (сите стручни работници)<br><br>- Изработка на план и реализација на Програма за Вешто родителство -добиена акредитација<br><br>- Реализација на проекти за унапредување на воспитно - образовната дејност и унапредување на секој аспект од развојот на детето согласно возраста (сите стручни работници) |
| | - Следење на адаптацијата на ново запишаните децата во групите по објекти и давање конструктивни забелешки за подобро прифаќање на градинката од страна на децата и |

| | |
|---|---|
| **Следење на развојот на децата**<br><br>**од страна на сите стручни работници** | родителите;<br><br>- Следење на условите во кои децата престојуваат и грижа за нивно подобрување преку понуда на идеи во соработката со директорот на Установата.<br><br>- Следење и систематско набљудување на децата во сите воспитни групи;<br><br>- Рано препознавање и евидентирање на децата со пречки во развојот преку иницијално интервју со родителите при упис на децата во градинка;<br><br>- Опсервација во група и идентификација на деца со воспитно-социјални проблеми, деца од дисфункционални и непотполни семејства;<br><br>- Идентификација на деца со пречки во развојот, говорно - јазични потешкотии и процена на развојните способности во воспитните групи 4-5 и 5-6 години;<br><br>- Заедничко следење на напредокот на децата со нивните родители/старатели;<br><br>- Давање дополнителни материјали за работа во домашни услови, како за деца со атипичен развој, така и за надарени деца. |
| **Усовршување на воспитно-образовната работа и унапредување на дејноста** | - Насоки и инструкции за водење на педагошката документација и евиденција на воспитувачите и негувателите, со посебен осврт на новите вработени кои немаат доволно искуство во тој однос (педагог);<br><br>-Водење на редовна и тековна контрола на педагошката документација (педагог);<br><br>-Водење евиденција за информации и извештаи од истражувања и согледувања во текот на целата година;<br><br>-Насоки за примена и работа со децата според Никола Тесла системот на учење за развивање на надареноста кај децата, адаптирајќи одредени содржини според планот и програмата на воспитните групи во секој објект (социјален работник).<br><br>- Едукација и конкретни насоки на воспито-згрижувачкиот |

| | |
|---|---|
| | кадар,за осовременување и подобрување на воспитно-образовниот процес (сите стручни работници);<br><br>- Насоки за игри по групи, насоки за зголемување на барањата во одредени активности за децата со пречки во развојот, поддршка за комуникација и интеракција меѓу децата (сите стручни работници);<br><br>- Давање на насоки на воспитниот кадар и упатување во проблемот на говорно –јазичното пореметување и спроведување на корекциона постапка (логопед).<br><br>-Насоки за примена на картички за работа со невербални деца како дел од асистивна и аугментативна технологија (дефектолог );<br><br>- Примена на C-board табла од страна на стручниот тим за работа со невербални деца и деца кои имаат проблеми/потешкотии во говор како дел од асистивна и аугментативна технологија; |
| **Соработка со родителите** | - Непосредни средби и индивидуални разговори со родителите, со цел подигање на свеста за правилно воспитување и едуцуцирање на своите деца (сите стручни работници) ;<br><br>-Секојдневна консултативна и советодавна работа при прием и испис на дете (сите стручни работници).<br><br>- Учество при планирање и организирање на групни и индувидуални состаноци со родители за промовирање на градинката (сите стручни работници);<br><br>- Индивидуални разговори со родители заради упис, проблем или совет во дадена ситуација во текот на целата година (сите стручни работници);<br><br>- Организирање на предавања и работилници посветени на семејството и презентирање на истите со проблематика која во даден момент е потребна на група родители или на самите родителски состаноци пред поголем аудиториум (сите стручни работници);<br><br>- Создавање на услови за вклучување на родителите во дадени активности по разни поводи и разни ситуации, користејќи ја нивната креативност, дарежливост, инвентивност и способност |

| | |
|---|---|
| | за соработка (Директор и стручен тим);<br><br>- Индивидуална работа со одредени родители во согласност со пројавените социјални проблеми (социјален работник);<br><br>- Ангажирање на родителот за активности во домот со цел стимулирање на развојот на своето дете (сите стручни работници);<br><br>-Упатување на родителите за понатамошни иследувања на детето, во соодветни институции со цел да се види причината за било какво отстапување во говорот или развојот (дефектолог и логопед);<br><br>- Советодавна работа во рамки на Советувалиштето за деца и возрасни во градинката (сите стручни работници);<br><br>- Вклученост на родителите во on-line работилници, фокус групи во рамки на проекти од ЕУ и МТСП.;<br><br>- Соработка со родители на деца со пречки во развојот за секојдневна примена на дигитални алатки кои ја поттикнуваат ААК комуникацијата и развојот на говорот (дефектолог);<br><br>- Споделување на Beboo апликација за родители, со цел следење на развојот на децата од страна на родителите (сите стручни работници); |
| **Стручно усовршување** | - Организирање и учество на семинари предавања и работилници во Установата со воспитно-згрижувачкиот кадар, со однапред предвидени теми;<br><br>- Учество во семинари, предавања, работилници, средби и состаноци надвор од Установата по покана на соодветната институција;<br><br>- Проучување на литература, учество на семинари, усовршување за одбирање на соодветни методи за работа, консултации, предавања, стручни активи, работилници.<br><br>-Перманентна лична евалуација и самоевалуација на постигнатите резултати во текот на годината;<br><br>- Унапредување на своите сознанија со користење на стручна |

| | |
|---|---|
| | литература од областа на педагогијата која што ја поседува Установата;<br><br>- Стручни предавања преку работилници на теми од областа на педагогијата,социјалната работа, логопедијата и дефектологијата;<br><br>- ТЕМИ:<br><br>1. „Професионализам и познавање на своите права - основа за добросостојба на работно место и градење позитивна слика за установата“<br>2. „Мултидисциплинарен пристап на стручните работници преку позитивни примери и практики - неизбежни резултати“ |
| **Соработка** | - Соработка со Секторот за образование, предучилишно воспитание, култура и спорт на Општина Кисела Вода во однос на советодавна и конструктивна работа ;<br><br>- Соработка со предучилишните установи од градот Скопје и пошироко;<br><br>- Соработка со културни институциии во градот и организирање разни посети по разни поводи;<br><br>- Соработка со невладнини организации, други институции и асоцијации и организирање средби и посети со цел унапредување на дејноста;<br><br>- Соработка со детски градинки од соседните земји;<br><br>- Соработка со Национална агенција за европски образовни програми и мобилност;<br><br>- Соработка со организации и институции од спроведуваат проекти за ERAZMUS. |

- **Стручните работници (педагог, логопед, дефектолог и социјален работник) и оваа учебна година ќе ги вршат предвидените активности тимски, со оглед на фактот дека праксата покажа поголем успех и увид при мултидисциплинарен и холистички пристап.**

**4. 4 Здравствена состојба во градинката**

Планот за работа во учебната 2023/2024 година опфаќа три најважни сегменти тоа се:
1. Здравствена заштита и превенција од болести
2. Исхрана на децата и
3. Едукација

**1.Здравствена заштита и превенција од болести**

Здравствената заштита и превенција од болести како примарна задача се состои од редовни посети на сите објекти и централната кујна преку континуиран и целосен увид во работата на здравствено-згрижувачката дејност, со цел да се постигне и реализира правилен здравствен и психофозички развој на децата.
Здравствената заштита и превенција ги вклучува следните содржини, односно активности кои треба да се преземат и реализираат во текот на школската година:

1.1 Систематски прегледи на децата кое вклучува антрополошки мерења чии вредности се забележуваат во развојното портфолио на секое дете и тоа:
- Мерење телесна тежина
- Мерење висина

1.2 Контрола и евиденција на заразни заболувања појавени по објекти и преземање соодветни санитарно-медицински постапки за нивно спречување и ширење.

1.3 Отворање и водење досиеа на децата (развојно портфолио) со внесување податоци за сите аспекти од здравствениот дел.

1.4 Соработка со аудиолози и логопеди од Заводот за слух, говор и глас – Скопје, при Клиничкиот центар во Скопје, вклучувајки ја соработката со дефектологот и логопедот од ЈДГ "Весели Цветови" – на ОКВ во ГрадСкопје, се со цел навремена детекција на недостатоци, маани или деформитети во говорот и слухот.

1.5 Соработка со ЈЗУ-Центар за јавно здравје -Скопје преку планирање и реализација на систематски прегледи на вработените и тоа:
- Главна кујна и помошни кујни, два пати годишно,
- Санитарен преглед за сите вработени еднаш годишно

1.6 Систематски прегледи еднаш годишно за сите вработени

1.7 Соработка со овластена и лиценцирана служба за дезинфекција, дезинсекција и дератизација

1.8 Соработка со Државен санитарен и здравствен инспектор при ПО КиселаВода – Скопје, во врска со проблеми од здравствен карактер (пријавување инфективни заболувања) или спроведување превентивни постапки против заразни болести,инспекциски надзор и слично.

1.9 Соработка со Центарот за Јавно Здравје и тоа преку детална обработка на Листата за јадење на децата и Програмата за бактериолошка контролна проверка на мостри од храната и работните површини.

1.10. Соработка со Центарот за Јавно Здравје со Одделот за Социјална медицина преку едукативни предавања за унапредување на здравјето на децата.

1.11 Планирање и набавка на санитетски материјал за сите објекти.

## 2. Исхрана на децата

2.1 Во рамките на Националната годишна програма за Јавно Здравје на Република Македонија, предвидено е следење на биолошката вредност на исхраната на децата во предучилишни установи со цел да се провери дали приготвените и консумирани оброци во целост ги задоволуваат нутритивните потреби на децата од таа возраст.

2.2 Соработка со Агенцијата за храна и ветеринартсво

2.3 Континуирано следење и редовен мониторинг на работата на Главната кујна и чајните кујни во спроведување на ХАСАП принципите во работа.

2.4 Изготвување месечна листа за јадење за деца до – 2 години и за деца од 2-6 години

2.5 Секојдневно следење на присутност на децата со земање бројна состојба по сите објекти и изготвување оброци според присутноста (бројот) на присутни деца.

## 3. Едукација

За подигање на квалитетот на работата потребна е едукација на сите вработени.За оваа учебна година планирани се 2 теми од областа на медицината и едукација на вработените во кујните во однос на HACCP принципите во работа, како и едукација на техничкиот персонал поврзано со хигиената.
Во склоп на едукацијата ќе продолжи работата на советувалиштето каде родителите ги примаат потребните информации и советувања во врска со дадениот проблем. Во советувалиштето заедно со родителите поединечно за секое дете со одреден

здравствен проблем поврзан со исхраната се изработува посебна листа за хранење според артиклите што ги поседуваме и на тој начин му се овозможува на детето непречено посетување на градинката.
Едукацијата на децата ќе се спроведува и со погоре наведените институции кои преку едукативни предавања допринесуваат за промоција на здравјето во детска возраст

## 4. Програма за работа на воспитувачот по музичка дејност

Планот за работа на музичкиот соработник со деца од 2 - 5.8 години се базира на повеќе точки. Планот може да претрпи мали промени доколку има потреба од тоа, секако во договор со соработниците.

Оваа година, за разлика од претходната потребно е да се наведе дека кризата од пандемијата со вирусот Ковид 19, е веќе надмината, и условите за работа се нормални. Наставата се одвива секојдневно без никакви ограничувања и забрани.

Битно е да се напомене дека во 2023г. ЈДГ,, Весели Цветови" – Ск, отвори уште еден објект „Симба", со што сега веќе броевме 7 објекти.

Направив некои измени во распоредот на деновите, така што ги прилагодив термините да успеам во текот на седмицата, да одржам настава по музичко воспитание во секој објект.

За 2023-24 планирани се следниве активности:

- Учество во планирање на воспитно-образовна програма
- Реализација на истата
- Изготвување на сценарија за различни потреби
- Работа со деца
- Соработка со стручниот тим, воспитувачите и сите кои се одговорни околу манифестациите
- Директно учество во сите манифестации, приредби, јубилеи, настапи
- Организација на посета на разни културни манифестации, фестивали, приредби и разни музички случувања
- Организирање проекти по музика како за децата, така и за воспитниот тим
- Работа со деца со посебни потреби (музико-терапија)

Планирањето на воспитно-образовната програма ја организира педагогот во соработка со воспитниот тим. Познавајќи ги потребите на можностите на децата се изготвува план за секој месец во годината. По тој план работи и музичкиот соработник, зависно од темата, во соработка со воспитниот тим се изучуваат:

- песнички,
- игри со песна,
- музички гатанки
- бројалки
- и се што е поврзано со музиката за таа тема.

Реализацијата се одвива секој ден во различен објект. Во зависност од возраста на децата, активноста се одвива временски различно. Кај помалите дечиња времетраењето на часот по музичко трае пократко, а кај поголемите подолго, се во зависност од потребите. За подобра реализација потребно е присуство на воспитувачот од таа група. Поттикната од материјалот кој ќе се работи, се договараат приредби, настапи и слично, однапред договорено.

Една од најбитните реализации е секако, ИЗГОТВУВАЊЕТО НА СЦЕНАРИЈА

Сценарија за разни настани,како на пр.

- новогодишни
- завршни
- јубилеи
- секаков вид на приредби (помали и поголеми) како во градинката, така и надвор од неа.

Во текот на месецот, децата материјалот го слушаат на ЦД,или УСБ снимени од музичарот. Тука се вбројуваат:

- разни видови музика
- песнички,
- игри со песна,
- музички гатанки
- бројалки
- музика од цртани филмови
- сериозна класична музика

- народна музика
- забавна музика
- популарна музика
- и најразлични жанрови на музика

Соработката со стручниот и воспитниот тим е на највисоко професионално ниво. Приреедбите и сите настани однапред се договараат. Секој објект може да си одбере тема или проект кој ќе го изработи, како на пр.:

- Празнување на празникот 8ми септември
- Дочек на нови другарчиња
- Дочек и испраќања на есента
- 11ти Октомври
- 13ти Ноември
- Дочек на зимата и Нова Година и Дедо Мраз
- Дочек на пролетта
- Празникот на жената 8ми Март
- Пролетни приредби
- 1ви Април (Априлијада)
- Планетата земја 22ри Април
- Завршни приредби
- Јубилеи
- И др.

Директно учество скоро во сите настани на музичкиот соработник е видливо. Освен пишувањето сценарија, директно учествува со:

- Свирење на клавир во живо
- Учество со пеење
- Претставување на различни музички инструменти
- Кореографија
- И сл.

Од можностите на градинката, често се организираат посети на најразлични музички институции, како на пр.:

- Македонска Опера и Балет
- Македонска филхармонија
- КУД „Танец“
- Музичко балетскиот училишен центар
- И секакви слишни места поврзани со музиката.

Од претходната точка произлегува и изготвувањето на разни проекти по музика и реализација на истите. Тие се добродојдени како за децат, така и за стручниот и воспитниот тим. Се запознаваат со:

- најразлични музички жанрови,
- музички инструменти
- и се што е поврзано со музиката.

Работата со деца со посебни потреби е од посебно значење, а најмногу за самите деца. Музиката кај тие деца предизвикува позитивни моменти, тие ја чувствуваат музиката на посебен начин и потребно е многу внимание и стрпливост за точно да се открие кој вид на музика најмногу одговара. Кај секое дете е скоро различно.
Често се користи музико-терапија како основен начин за работа со тие деца.
Но, постојат и други начини. Децата сами сакаат да свират, односно да импровизираат и експериментираат. Тоа многу позитивно влијае врз нивните чувства, расположението, и нивниот понатамошен развој.
Би навел и неколку нови песнички кои се наменски направени за секоја тема, за полесно децата преку песна да се запознаат со темите;

- Планети
- Шумски квиз
- Македонска
- Есен кај нас
- Зимска бајка
- Во пролет

Тоа би бил овогодишниот план, кој секако е подложен на измени, зависно од потребите.

## 5. ГОДИШНИ ПЛАНОВИ ЗА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА РАБОТА ОД ОБЈЕКТИ

Периодот за развој на детето од предучилишна возраст претставува нај интензивен и најважен период за развојот на детската личност. Во овој период кај детето се формираат основните сознанија, навики, вештини и знаења кои во иднина создаваат и градат здрава психофизичка личност. Оттука произлегува и важноста за организирање и создавање услови и стимулативна средина во која кај детето преку поттикнување и мотивација користејќи структурирани стратегии и форми на работа ќе се стекне со разновидни знаења и умеења и преку соодветен пристап игри, игриви активности и користење на дидактички материјали детето ќе ги усовршува знаењата и вештините.

Згрижувањето и воспитанието на децата од предучилишна возраст во градинката се реализира според годишната програма за работа на установата базирана на Програмата за рано учење и развој и Стандардите за рано учење и развој.

Во објектите на ЈДГ,,Весели Цветови,, згрижувањето и реализирањето на воспитно-образовната и згрижувачка работа со деца од предучилишна возраст ( од 9 месеци до 6 години ) и ќе биде организирано согласно формираните воспитни групи во сите објекти на установата.

Воспитно–образовната дејност ќе се изведува преку тематски планирања, со редовна подготовка според темите предвидени во програма за работа со која се опфатени сите воспитни групи.

Тематското планирање во текот на годината ќе го реализираме тимски со активот на воспитувачи во установата а според стандардите за РДР и возраста на децата во воспитната група.

За реализација на воспитно образовната работа ќе ги примениме сите дидактички и нагледни средства со кои располагаат објектите, користење на современи техники и стратегии за со деца од предучилишна возраст како и преку соработка со родителите и пошироката околина. Едно од најважните принципи за работа со децата ќе биде грижа и заштита за личното здравје и здравјето на другите преку практикување на

здрави навики и хигиена како и користење и почитување на придобивките од природата како неисцрпен извор на сознанија и корист за човекот.

На сите деца кои ќе престојуваат во нашите објекти ќе им овозможиме еднакви можности за правилен психофизички развој, адаптација, социјализација како и развивање и градење на детската личност во целост преку почитувањето на човечките вредности; хуманост, прифаќање, поддршка, љубов, сочувство, како и развивање на вештините за комуникација, стекнување на нови знаења преку овозможување на непосредно учење низ игра и откривање на нови сознанија за светот кој ги опкружува преку користење на прирони материјали и развивање на животни вештини, развивање на еколошката свест и свено користење и заштита на ресурите од природата.

Сите максимално ќе се потрудиме и ќе се вложиме на децата да им обезбедиме простор и време во кое ќе се поттикнуваат и стекнуваат со многу знаење, љубов и почитување.

Во сите воспитни групи на објектите во ЈДГ ,,Весели Цветови,, се реализираат активности во согласност со Националната програма – "Ран детски развој" преку реализација на тематски планови, како и вклученост во долгорочни и краткорочни проекти во кои воспитувачите се приклучуваат тековно низ годината.

## План со теми за 2023/2024

| | | |
|---|---|---|
| **СЕПТЕМВРИ ОКТОМВРИ** | Љубовта, среќата и другарството нека царуваат околу нас | ВО СИТЕ ВОСПИТНИ ГРУПИ |
| **НОЕМВРИ ДЕКЕМВРИ** | Приказни, сказни, доживувања разни | ВО СИТЕ ВОСПИТНИ ГРУПИ |
| **ЈАНУАРИ ФЕВРУАРИ** | Македонска традиција и култура | ВО СИТЕ ВОСПИТНИ ГРУПИ |
| **МАРТ АПРИЛ** | Ја сакаме и чуваме природата | ВО СИТЕ ВОСПИТНИ ГРУПИ |
| **МАЈ/ЈУНИ** | Сообраќајна азбука и звуците околу нас | ВО СИТЕ ВОСПИТНИ ГРУПИ |
| **ЈУЛИ/АВГУСТ** | Летни доживувања | ВО СИТЕ ВОСПИТНИ ГРУПИ |

- **План на содржини од јавна и културна дејност во објектите на ЈДГ Весели Цветови планирани за воспитната година 2023/2024:**

**Септември**

- Работен состанок со вработените во објектот;
- Консултации за годишниот план за воспитно – образовните активности;
- “Добро ни дојдовте другарчиња” – приредба на децата од 5 – 6 години;
- Одбележување на празникот “8ми Септември” го славиме Денот на независност на нашата Татковина Р. Македонија – учесници сите воспитни групи;
- Одбележување на денот на гроздоберот
- Одбележување на 12 ти Септември – денот на забите
- Одбележување на 22 Септември – Светскиот ден без автомобили
- Одбележување на 28 Септември – Светски ден на срцето
- Реализација на куклена претстава за децата од градинката /по избор на воспитниот тим на објектот

**Октомври**

- Недела на детето ( Активности во врска со правата на детето; хуманитарни акции, соработки со институции, ликовни колонии)
- Одбележување на празникот 11 Октомври во сите воспитни групи
- Одбележување на 4 ти Октомври – ден на животните
- Одбележување на светскиот ден на учителот 5ти Октомври
- Одбележување на 16ти Октомври ден на здравата храна
- Одбележување на светската недела на велената
- 14ти Октомври – светски ден на пешачењето
- 20ти Октомври – светски ден на јаболкото
- Посета на музеј на Македонија
- Одбележување на денот на медот
- Куклена претстава „Иако сум мал и јас имам право „ - учесници воспитниот тим од објектот
- Ликовна колонија (во дворот на објектот) Есента во мојот град – сите воспитни групи
- Посета на страрата скопска чаршија- запознавање со занаетите.

**Ноември**

- Есенски работилници со децата и родителите во сите воспитни групи од објектот
- Одбележување на месецот на книгата – акција ПОДАРИ КНИГА
- Градот низ детските очи – реализација на посети во градот Скопје ( музеи, плоштад, знаменитости во градот)
- Одбележување „13 Ноември„ – роденден на нашиот град Скопје со приредба и прослава
- 14 Ноември – одбележување на светскиот ден на љубезноста
- Посета на музејот на Град Скопје- реализација деца од 5 до 6 години.
- “Изложба на есенски изработки” – учесници воспитни групи од 3 до 6 години;
- Работна акција; го разубавуваме нашиот двор „ Како до поубаво дворче „ ,, Цвеќе за мојата градинка,, - децата, воспитниот и негователскиот тим од сите воспитни групи;
- Есенски базар на ниво на објект
- „Испраќање на есента„ - приредба на децата од сите воспитни групи
- Одбележување на денот на благодарноста ,, Подари убав збор,, на 26 Ноември/ детски искази, ликовни активности

**Декември**

- Одбележување „8 Декември„ - Св.Климент Охридски – учесници децата од групите од 4 - 6год.
- Да ја украсиме занималната и просториите и дворот на „Новогодишни работилници„ со родителите и децата од сите воспитни групи; изработка на новогодишни украси и честитки;
- “Зимата на прагот” – куклена претстава – учесници воспитниот тим на објектот;
- „Зимски пејсаж„ – ликовна работилница и изложба на цртежи на децата од сите воспитни групи;
- Новогодишно дрво на желбите – календар на желби за децата
- Новогодишен бал – музичко драмска игра
- ,, Подари насмевка ,, - хуманитарна акција; подаруваме колачиња,изработени играчки, новогодишни честитки во старечки домови, згрижувачки семејства, детска клиника.

- Избор на најубаво украсена занимална, градинка и двор на градинката.
- Одбележување на 28 Декември – светски ден на честитката.
- „Нова година и Дедо Мраз повторно кај нас„ – новогодишна претстава
- „Подарок од другарче за другарче „ - Лотарија во  сите воспитни групи

**Јануари**

- „Коледарска торбичка „-Традиционална игра во сите воспитни групи
- ,, Коледарски песни,, - пееме песни
- „Христос навистина се роди – навистина се роди! “ - воспитувачите им раскажуваат на децата за големиот Христијански празник Божиќ
- ,, Божиќна приказна,, - запознавање со традицијата и обичаите за Божиќ
- “Божиќна трпеза” – работилници со децата во сите воспитни групи;
- ,,Василичарски маскембал,, - ликовна работилница и дефиле
- “Зимски игри и радости” - игри во дворот на градинката.
- Како го чуваме и заштитуваме нашето здравје – соработка со родител здравствен работник

**Февруари**

- „Здрави запчиња – весели дечиња“ –гостин стручно лице- стоматолог во воспитни групи деца од 4-5 и 5-6 год.
- Во здраво тело –здрав дух – подвижни спортски игри / соработка со тренер по фискултура
- ,, Играме традиционални игри,, - подвижни музички игри
- Говорни игри – бројалки, брзозборки, гатанки и прашанки
- Посета и соработка со културно уметничко друштво
- „Овошје и зеленчук има и  во зима“ активност во сите воспитни групи.
- Посета на етнолошки музеи во Скопје
- Соработка/ посета на МОБ и музичката академија, отсек фолклор
- Фестивал на стари македонски песни во реализацја на децата од воспитните групи.

**Март**

- Одбележување на 1 Март – Ксантика со изработка на мартинки
- „Најубав подарок за мама“ - работилница со децата од сите воспитни групи заедно со татковците
- Приредба за „8 ми март“ децата од сите воспитни групи
- 20 Март – одбележување на денот на среќата и поезијата
- „Весели цветови сме ние“ – 21 Март приредба по повод роденденот на Весели Цветови,
- Денот на пролетта и денот на екологија - Одбележување со разни акции во сите воспитни групи
- 22 Март – одбележување на денот на дрвото и денот на водите – работна акција , разубавување на дворот на градинката
- Одбележување на денот на театарот 27 Март – театарска претстава/ посета на театар за деца и младинци, театарска работилница.
- Цветно дефиле во непосредната околина на градинката.

**Април**

- Одбележување на 1 април – „Денот на шегата” –учесници децата од сите воспитни групи;
- 4 ти Април меѓународен ден на литература за деца
- Одбележување на 7 ми Април – ден на здравјето
- Одбележување на денот на деца со попреченост ,, Сите сме различни- сите сме деца,,
- 15 Април – светски ден на уметноста – ликовна колонија
- Примена на различни ликовни техники – работилница во соработка со Педагошкиот факултет ,, Св. Климент Охридски,, во воспитните групи 4- 6 години.
- Одбележување на денот на планетата земја 22 Април – посета на планетариулм
- „Нашиот двор е најубав двор“ - еко акција – учесници децата од поголемите групи;
- 29 Април – одбележување на денот на танцот
- Посета на институција за танц ( балетски или модерен танц)

- Посета на мини ЗОО градина во соработка со СДУ ,, Браќа Миладиновци,, - населба Драчево
- Посета на Зоолошка градина и природно научен музеј во Скопје
- Еколошки работилници и екои игри во соработка со КХС, Пакомак и 0 отпад.

**Мај**

- „Сите се радуваме, Велигден го празнуваме" - украсување велигденски јајца во чест на Велигден и правење изложба од истите - учесници децата од сите воспитни групи;
- „Честит Ѓурѓовден„ - Музички хапенинг и плетење цветни венчиња во дворот на градинката –учесници децата од 3-6 г;
- "Изложба на цртежи во нашиот објект по повод празникот Ѓурѓовден" – од децата од 4-6 г;
- 15 Мај – одбележување на денот на Семејството
- Одбележување на денот на нашите просветители „Св.Кирил и Методиј„
- Одбележување на денот на музеите
- Посета на археолошки музеј
- Посета на училиште – отворен час со децата од воспитните групи 5-6 години
- Завршна приредба по повод тргнувањето на децата од 5-6 год во училиште

**Јуни**

- Одбележување на „1 јуни „- Светски ден на детето - пееме детски песни забава со децата од сите воспитни групи;
- Детски фестивал – фестивал на детски песни ,, Весели звуци од веселите цветови,,
- 6 Јуни – заштита на животната околина – чист двор/занимална/ здрава животна средина
- „Кој што може и кој што сака„- Друштвени игри со децата од сите воспитни групи;
- Културно лето – учество со игри и музички активности на настан организиран од ОКВ со децата од воспитните групи 5-6 години.
- „Збогум пролет мила –летото ни пристигна„- Ликовна работилница во сите воспитни групи –пејсаж со природни материјали;

❖

**Јули/Август**

❖ Подвижни, спортски и традиционални игри во двор- во сите воспитни групи
❖ Истражувачки игри- во сите воспитни групи

**Проекти и проектни активности на ниво на ЈДГ Весели Цветови**

1. Социјална кохезија и културен дијалог преку реализација на техники и стратегии за работа со децата од Модул 1 и конструктивистички пристап во играта , Модул 2.
2. Мисли еднакво – реализација на едиција на сликовници .
3. Формирање и надоградување на професионални заедници
4. Искуствено учење и интеграција на концепти од природни науки, за заштита на животната средина и климатски промени во образовниот систем.
5. Реализација на активности во научно еко катче.
6. Реализација на проекти од сообраќајна култура.
7. Отворање на Монтесори центар за игра.
8. Примена на игри од НТЦ систем на учење.
9. Саниленс – учење за собирање и рециклирање на отпадни масла за јадење.
10. Соработка со компанија за собирање и рециклирање на отпад.( собирање на пластични шишиња и капачиња)
11. Мултикултурализам – прифаќање на различностите
12. Учество во Е Twinning проекти
13. Учество на меѓународни проекти на социјални медиуми преку споделување на добри практики за реализација на игри и активности со деца од предучилишна возраст.

**Соработка со пошироката околина и институции**

1. ДКЦ – Карпош – организирани активности во текот на годината
2. Општина Кисела Вода

3. Детски  литературни издавачки куќи
4. Дом на култура – Билјана Беличанец
5. Татар за деца и младинци
6. Музеј на град Скопје
7. Природно научен музеј
8. Зоолошка градина
9. Етнолошки музеј
10. Полициска станица
11. Против пожарна станица
12. Фабрика за сокови Вива
13. Фабрика за здрава храна – Виталија
14. Здравствен дом

И останати институции во Р.Македонија

Обуки и професионално усовршување:

1. Дисеминација на искуства од учество на проекти и проектни активности

2.Споделување на искуства од воспитно образовни активности во воспитниот и негувателскиот тим на активните на воспитувачи и негуватели.

3. Следење на обуки и семинари за стручно усовршување на воспитно негувателскиот кадар.

**ТЕКОВНО И ИНВЕСТИЦИОНО ОДРЖУВАЊЕ**

Јавна Детска Градинка "Весели Цветови" - на општина Кисела Вода во Град Скопје, во рамките на Програмата за работа во 2023/2024 година ги утврдува потребите од тековно и инвестиционо одржување на објектите, како и потребите од дополнување и замена на основните средства.

Како и секоја година, така и оваа, ја започнуваме во Септември со изработка на Предлог  финансов план кој подлежи на промени и не е дефинитивен. Истиот е еден вид проформа, но ни дава можност  да направиме корекција за сите дополнително пројавени потреби или нови идеи на истиот, до месец Ноември,кој требазадолжително да се усвои од страна на Советот на општината . Секако, сите набавки од Планот за Јавни Набавки се условени и усогласени со Финансовиот план,но

сепак постои можност со Ребаланси и Пренамени да се до- обезбедат средства во сите три сметки со кои функционира Установата,

Она што е планирано за оваа година е:
-Изградба на целосно нов објект во дворот на објект Кокиче кој ќе биде дополнување на постоечкиот и ќе го намали бројот на деца во Листата на чекање .Ова би бил проект кој е пред се во соработка на Установата и на Општината која пак има свои начини на обезбедување на средства како донатоски средства од фирми со кои е во одлична корелација,користејќи секако средства од Општинскиот и Буџетот на Градинката
-Зголемување на дополнителен број на креветчиња,столчиња , постелнина и се што е потребно за секојдневната рутина на децата и персоналот.
-Да се санираат одредени недостатоци во одделни занимални од објектите бидејки мора да се земе во предвид и тоа дека 4 објекти се со долг век зад себе и иако секоја година се вложува во нивно обновување ,потребно е секоја годинада се вложува во нивно одржување.

Дел од средствата за реализирање на тековно и инвестиционото одржување ќе се обезбедат од самофинансирачката сметка на Установата, а дел од средствата се планира да бидат обезбедени од општина Кисела Вода и Министерството за труд и социјална политика, како и спонзорства и донации.

Директор

Габриела Стојановска